# е-Брокер

## КОРИСНИЧКО УПАТСТВО

## Содржина


1.eBroker ..... 4

2. Технички побарувања ..... 4

3. Поврзување со серверот ..... 4

4. Главно мени ..... 5

4.1. File ..... 5

4.2. Price Board ..... 5

4.3. Chart ..... 5

4.4. Trades ..... 5

4.5. News ..... 6

4.6. Gainers/Losers ..... 6

4.7. Orders ..... 6

4.8. Portfolio ..... 6

4.9. Window ..... 6

4.10. Help ..... 6

4.11. Копчиња за брз пристап ..... 7

5. Прозорци со податоци ..... 7

5.1. Price Board ..... 7

5.1.1 Додавање на хартии од вредност во *Price Board* прозорецот ..... 8

5.1.2 Одстранување на хартии од вредност во *Price Board* прозорот ..... 8

5.2. Price Depth ..... 8

5.3. Chart ..... 9

5.4. Last Trades и Trade History ..... 10

5.5. News ........ 10

5.6. Gainers/Losers ........ 10

5.7. Pending Orders ........ 11

5.8. Orders ........ 12

5.9. Transactions ........ 14

5.10. Portfolio ........ 15

5.11. Search window ........ 16

5.12. Trading ........ 16

# 1.eBroker

**eBroker** е првата веб апликација која им овозможува на нејзините корисници да ги набљудуваат пазарните движења на Македонската берза за хартии од вредност во реално време на едно место.

**eBroker** ги содржи следните фунционалности :

• Цени во живо на хартиите од вредност – Price board
• Трансакции во реално време - Trades
• Длабочина на пазарот – ***Price depth***
• Преглед на налози
• Историски податоци
• Графички прегледи
• Вести околу тргувањето
• Реална вредност на вашето портфолио
• Курс на странски валути
• Листа на најголеми добивки/губитоци
• Преглед на трансакции и извештај од тргување

Корисниците можат да го зачуваат својот работен простор и да пристапат до него од било кој компјутер со интернет пристап.

.

# 2. Технички побарувања

За успешна работа на **eBroker** веб апликацијата на вашиот компјутер, треба да имате:

• Flash 9 player. Flash 9 player е достапен за Windows, Linux и Mac оперативните системи и може да се инсталира од тука.

За користење на електронското тргување треба да имате:

- microsoft .net framework 3.5
- IWDeployer актив X компонентата

Двете можете да ги инсталирате од тука. Инсталацијата е едноставна и автоматска

# 3. Поврзување со серверот

При стартување на **eBroker** веб апликацијата, ќе се појави прозорецот за внес на корисничко име и лозинка :




Откако ќе ги потполните потребните полиња, кликнете на копчето **Login**.

# 4. Главно мени

Откако ќе ја стартувате **eBroker** веб апликацијата и ќе се конектирате со серверот, ќе се отвори празен работен простор, каде што треба да креирате свои работен простор соодветно вашите потреби. За да го направите ова треба да се запознаете со можностите во главното мени кое е преставено на сликата.




## 4.1. File

Првата опција во главното мени е опцијата ***File*** која овозможува да се менаџира со конекцијата со серверот и работниот простор. Кога ќе го кликнете се отвара паѓачко мени со следниве опции:

| Options | Action |
|---|---|
| **Connect** | Доколку сакате да се поврзете со серверот |
| **Disconnect** | Доколку сакате да ја исклучите врската со серверот |
| **Change password** | Доколку сакате да ја смените лозинката |
| **Load Workspace** | Доколку сакате да го отворите предходно зачуваниот работен простор |
| **Save Workspace** | Доколку сакате да го зачувате работниот простор |
| **Clear Workspace** | Доколку сакате да го испразните работниот простор |

## 4.2. Price Board

Оваа опција овозможува пристап до цените на пазарот во реално време

| Options | Action |
|---|---|
| **Price Board** | Прозорец за набљудување на цените во реално време за одбраните хартии од вредност |
| **Price Depth** | Прозорец за набљудување на длабочината на пазарот. Озозможува пристап со длабочина до 10 |

## 4.3. Chart

Оваа опција овозможува графичка репрезентација на движењето на цената за одредена хартија од вредност.

## 4.4. Trades

Оваа опција овозможува пристап до сите реализирани трансакции во реално време

| Options | Action |
|---|---|
| **Last Trades** | Прозорец за набљудување на трансакциите за тековниот ден (во живо) |
| **History** | Прозорец за набљудување на трансакциите за датен датум |

## 4.5. News

Оваа опција овозможува пристап до вестите од тргувањето.

## 4.6. Gainers/Losers

Оваа опција отвара прозорец за следење на хартиите со најголем пораст или пад во цена, количина или слично.

## 4.7. Orders

Оваа опција овозможува пристап до сите ваши налози

| Options | Action |
|---|---|
| **Orders** | Прозорец за набљудување на вашите налози |
| **Pending Orders** | Прозор за набљудување на електронските налози кои се уште не се прифатени од брокерот или повлекувањата кои исто така не се прифатени од брокерот |

## 4.8. Portfolio

Оваа опција овозможува следење на вредноста на вашето портфолио во реално време и историски приказ на вашите трансакции.

| Options | Action |
|---|---|
| **Portfolio** | Прзорец за приказ на вредноста на вашето портфолио во реално време |
| **Transactions** | Историски приказ на сите ваши трансакции |

## 4.9. Window

Опцијата ***Window*** овозможува да ги преуредите прозорите на вашиот работен простор. Прозорите можат да се преместуваат како и да им се промени големината (со позиционирање на глувчето над саканиот прозор и со држење на левиот клик на глувчето и позиционирање на саканата позиција). Оваа апликација исто така овозможува автоматски прегрупирање на прозорите со работниот простор користејки една од опциите во ***Window*** менито**.**

| Options | Action |
|---|---|
| **Cascade** | Овозможува каскадно поместување на прозорите еден врз друг |
| **Tile** | Ги подредува прозорите правејки ги сите со иста големина |
| **Fill Tile** | Ги подредува прозорите правејки на тој начин за да го потполни целиот работен простор |
| **Show All Windows** | Ги враќа сите минимизирани прозори |

## 4.10. Help

Опцијата ***Help*** нуди две под опции од кои може да се одбере:

| Options | Action |
|---|---|
| **User Manuel** | Го отвара корисничкото упатство |
| **About…** | Преглед на информации за нашата компанија |

## 4.11. Копчиња за брз пристап

Во десниот горе ќош имаме ставено две копчиња за брз пристап. Тоа се копчињата за зачувување на работниот простор и копчето за конектирање/дисконектирање со серверот.




# 5. Прозорци со податоци

Секој прозорец може да се отвори онолку пати колку што ви треба, и нивниот изглед може да се промени почнувајки од податоците, позицијата и големината. Секој прозорец е составен од toolbar и централен дел каде што се прикажуваат податоците.

## 5.1. Price Board

***Price Board*** прозорецот е наменет за следење на движењето на цените и другите вредности на одбраните хартии од вредност.




| | Symbol | Last | Bid | Ask | High | Low | Avg | Open | Time | Volume | %Chg |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ▼ | ALK | 4.680,00 | 4.660 | 4.680 | 4.680,00 | 4.680,00 | 4.680,00 | 4.680,00 | 10:32:50 | 30 | -1,24 |
| | CEVI | 1.050,00 | 0 | 1.083 | 0,00 | 0,00 | 1.052,00 | 0,00 | 15.03.2010 | 0 | 0 |
| | FERS | 65.300,00 | 63.000 | 65.300 | 0,00 | 0,00 | 65.300,00 | 0,00 | 03.03.2010 | 0 | 0 |
| | GRNT | 780,00 | 770 | 789 | 0,00 | 0,00 | 786,00 | 0,00 | 15.03.2010 | 0 | 0 |
| | KIB | 1.111,00 | 0 | 0 | 0,00 | 0,00 | 1.111,00 | 0,00 | 16.02.2010 | 0 | 0 |
| ▼ | KMB | 3.100,00 | 3.070 | 3.100 | 3.108,00 | 3.100,00 | 3.103,00 | 0,00 | 10:46:00 | 0 | -1,26 |
| | POPK | 29,00 | 0 | 30 | 0,00 | 0,00 | 29,00 | 0,00 | 03.02.2010 | 0 | 0 |
| ▼ | RM01 | 96,00 | 96 | 0 | 96,00 | 96,00 | 96,00 | 96,00 | 10:05:00 | 203 | -0,62 |
| | RMDEN01 | 94,00 | 93 | 0 | 0,00 | 0,00 | 94,00 | 0,00 | 10.02.2010 | 0 | 0 |
| | RMDEN08 | 85,00 | 84 | 85 | 0,00 | 0,00 | 85,00 | 0,00 | 15.03.2010 | 0 | 0 |
| | RZEK | 75,00 | 75 | 0 | 0,00 | 0,00 | 93,00 | 0,00 | 11.03.2010 | 0 | 0 |
| | RZLE | 190,00 | 180 | 190 | 0,00 | 0,00 | 190,00 | 0,00 | 15.03.2010 | 0 | 0 |
| | RZUS | 360,00 | 0 | 360 | 0,00 | 0,00 | 360,00 | 0,00 | 15.03.2010 | 0 | 0 |
| ▼ | STB | 250,00 | 235 | 260 | 250,00 | 250,00 | 250,00 | 250,00 | 10:03:00 | 400 | -0,79 |

Колоните кои се достапни во ***Price Board*** прозорецот се прикажани во табелата:

| Column | Description |
|---|---|
| **Symbol** | Шифра на хартијата од вредност |
| **Last** | Последна цена на тргување |
| **Bid** | Најдобра куповна цена |
| **Ask** | Најдобра продажна цена |
| **High** | Највисоко достигната цена во денот |
| **Low** | Најниско достигната цена во денот |
| **Avg** | Просечна цена во денот |
| **Open** | Првична цена |
| **Time** | Датум и време на последната извршена трансакција |
| **Volume** | Количина на последната трансакција |
| **%Chg** | Процентуална разлика помеѓу последната цена и последната цена на предходниот ден |

### 5.1.1 Додавање на хартии од вредност во *Price Board* прозорецот

Постојат два начина за додавање на хартии од вредност во ***Price Board*** прозорот:

- со користење на ***Search*** (ќе биде опишан подоцна)прозорот
  Овој прозорец може да се отвори со клика на следново копче .
- Со директно внесување на шифрата на хартијата од вредност во полето обележано како ***Symbol*** и клик на копчето ***add***




### 5.1.2 Одстранување на хартии од вредност во *Price Board* прозорот

Отстранување на хартиите од вредност чии цени не сакаме да ги следиме може да се направи на следниов начин:
• Селектирање на редот чија шифра сакаме да ја избришеме од ***Price Board*** прозорецот, и потоа
• Клик на копчето ***Remove*** од ***Toolbar*** во ***Price Board*** прозорецот.

## 5.2. Price Depth

***Price Depth*** прозорецот е наменет за следење на длабочината на пазарот. Со овој прозорец имате можност да споредувате куповни и продажни побарувачки до десето ниво. Длабочината на пазарот може да се следи по цена или индивидуални налози. Можете да ја дефинирате или смените хартијата од вредност што ја следите со внесување на нејзината шифра во полето означено како ***Symbol*** (или со користење на ***search*** прозорот) и клик на копчето ***View***.




Длабочината на пазарот можете да ја следите подредена по индивидуалните налози со одбирање на опцијата “***Orders***” (која се наоѓа во статусбарот) или по цена со одбирање на “***Price***”.

## 5.3. Chart

Со овој прозорец  можете графички да ги следите промените на цените. Кога ќе го позиционирате курсорот на било кое место од графикот во долниот лев агол ќе ја видите последната, првичната, највисоката и најниската цена. На хоризонталната оска (x-оската) е поставен временскиот период, а на вертикалната  (y-оската) цената.




Можете да ја дефинирате или смените хартијата од вредност што ја следите со внесување на нејзината шифра во полето означено како ***Symbol*** (или со користење на search прозорот) и клик на копчето ***View***.

Исто така можете да го смените типот на графикот кој го прикажува движењето на цените на од одбраната шифра на хартии од вредност со одбирање на опцијата во ***Toolbar***. Можете да одберете од еден од следниве типови на графици:

- **Area** – Ги поврзува последните цени во даден период и го бои долниот дел од графикот
- **Candlestick** – Ја прикажува првичната(opening) цена, последната (closing), и највисоката и најниската цена во одреден временски период. Горната линија на правоаголникот ја преставува највисоката цена, додека долниот најниската цена постигната во текот на денот. Правоаголниците во црвено означуваат дека првичната (opening) цена е пониска од последната( closing ) цена. Вертикалните линии ги преставуваат највисоката и најниската цена достигната во текот на денот.
- **Bar (OHCL)** - Ја прикажува првичната(opening) цена, последната (closing), и највисоката и најниската цена во одреден временски период. Левата хоризонтална линија ја преставувапрвичната (opening) цена, додека дената последната (closing) цена. Вертикалните линии ги преставуваат највисоката и најниската цена достигната во текот на денот.

Исто така можете да одберете временски период од следниве (Ден, недела, месец, 3 месеци, 6 месеци, година, 2 години).

Графикот е интерактивен и можете да зумирате со влечење на саканиот период. Исто така можете да одзумирате со клик на Show all на десниот горен агол.

## 5.4. Last Trades и Trade History

***Last Trades*** и ***Trade History*** овозможуваат следење на сите реализирани трансакции за дадена хартија од вредност. Кога ќе го отворите прозорот е празен и треба да ја внесете хартијата чии што трансакции сакате да ги следите. Можете да ја дефинирате или смените хартијата од вредност што ја следите со внесување на нејзината шифра во полето означено како ***Symbol*** (или со користење на search прозорот) и клик на копчето ***View***.




***Last Trades*** прозорот ги прикажува сите трансакции за тековниот ден во живо. ***Trade History*** прозорот може да ги следите сите трансакции во одбратиот период. Периодот може да се одбере од ***toolbar***.

## 5.5. News

***News*** прозорецот нуди преглед на моменталните вести од тргување. Со двоен клик на некои од насловите се отвара нов прозор со целосниот текст од таа вест.




## 5.6. Gainers/Losers

Прозорот ***Gainers/Losers*** дава преглед на хартиите од вредност со најголемо зголемување и намалување на цената, со највеќе истргувана количина и со најголем истргуван обем.




| No | Symbol | Last | Chg | %Chg | Close | Tot. vol. | Turnover |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | TEL | 502,00 | -1,35 | -0,27 | 0,00 | 3.914,00 | 1.965.812,00 |
| 2 | RMDEN08 | 85,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 2.370,00 | 124.078,90 |
| 3 | RM01 | 96,00 | -0,17 | -0,18 | 0,00 | 1.491,00 | 88.099,10 |
| 4 | KMB | 3.100,00 | -35,27 | -1,12 | 0,00 | 1.455,00 | 4.521.181,00 |
| 5 | STB | 250,00 | -2,00 | -0,79 | 0,00 | 400,00 | 100.000,00 |
| 6 | GRNT | 771,00 | -15,88 | -2,02 | 0,00 | 280,00 | 215.740,00 |

## 5.7. Pending Orders

Прозорец за набљудување на елетронските налози кои се уште не се прифатени од брокерот или повлекување на налозите кои исто така не се прифатени од брокерот. Статусот ***Waiting*** значи дека налогот кои е пратен до брокерската куќа по електронски пат не е сеуште прифатен од страна на брокерот. Статусот ***Wait withdraw*** значи дека налогот е сеуште активен а електронското барање за повлекување се уште не е прифатено од брокерот.




| Buy\Sell | Order | Symbol | Volume | Price | Type | Date | Expiring date | Status |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Buy | 3 | STIL | 15 | 390,00 | Limited | 22.04.2009 11:28:09 | 21-07-2009 | Wait withdraw |
| Buy | 215 | ALK | 10 | 5.000,00 | Limited | 11.12.2009 14:50:44 | 11-03-2010 | Wait withdraw |
| Buy | 0 | ALK | 12 | 4.901,00 | Limited | 12.02.2010 11:39:00 | 13-05-2010 | Waiting |
| Buy | 0 | ZPKO | 55 | 3.000,00 | Limited | 24.02.2010 08:12:00 | 25-05-2010 | Waiting |
| Buy | 0 | ALK | 10 | 4.700,00 | Limited | 16.03.2010 08:38:00 | 14-06-2010 | Waiting |

Од ова прозорче можете да повлечете налог со статус ***Waiting***. За да го направите ова морате да имате електронски сертификат во договор со брокерската куќа. Ставете го сертификатот во компјутерот, селектирајте го налогот што сакате да го повлечете и кликнете го копчето. Тогаш ќе ја добиете следнава порака:




По притискање на ***OK*** ќе ја добиете поракатa во која што треба да ја внесете лозинката на сертификатот.




Доколку внесете погрешена лозинка или сертификатот не е во компјутерот ќе ја добиете следнава порака:




Доколку се е поминато во најдобар ред ќе ја добиете следнава потврдна порака која покажува дека барањето е успешно пристигнато во брокерската куќа :




## 5.8. Orders

Во овој прозорец можете да ги следите сите ваши налози.




Овој прозорец се состои од *toolbar* и централен дел каде што се прикажуваат податоците. ***Toolbar*** содржи филтер за полесен пристап до саканите налози. Налозите можете да ги филтрирате по:

| Filter | Description |
|---|---|
| Symbol | Шифра на хартијата од вредност (не е обрзувачки) |
| Order No. | Бројот на налого (не е обрзувачки) |
| Date From and Date To | Временски период (обрзувачки) |
| Buy/Sell | Buy(куповни), Sell(продажни),-All-(сите) |
| Status | Статус на налозите |

Доколку поседувате сертификат (во договор со брокерската куќа) можете да повлечете активен налог. Ставете го сертификатот во компјутерот, селектирајте го налогот што сакате да го повлечете и кликнете го копчето. Тогаш ќе го добиете следниов прозорец:




Кликнете ***Withdraw*** и ќе ја добиете следнава порака:




По притискање на ***OK*** ќе ја добиете пораката во која што треба да ја внесете лозинката на сертификатот.



Доколку внесете погрешена лозинка или сертификатот не е во компјутерот ќе ја добиете следнава порака:




Доколку се е поминато во најдобар ред ќе ја добиете следнава потврдна порака која покажува дека барањето е успешно пристигнато во брокерската куќа :




## 5.9. Transactions

Во овој прозорец можете да ги следите сите ваши трансакции.




| Broker | Buy\Sell | Symbol | Volume | Price | Total | Date | Settlement |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| IW | Buy | KJUBI | 12 | 1.960,00 | 23.964,00 | 21.04.2009 10:10:09 | 24.04.2009 |
| IW | Buy | TPLF | 96 | 6.389,00 | 620.244,00 | 21.04.2009 11:10:00 | 24.04.2009 |
| IW | Buy | ALK | 15 | 7.730,00 | 117.718,50 | 22.04.2009 11:01:00 | 27.04.2009 |
| IW | Buy | ZPKO | 8 | 6.818,00 | 55.407,50 | 22.04.2009 11:07:00 | 27.04.2009 |
| IW | Sell | RZLV | 20 | 181,00 | 3.266,50 | 22.04.2009 12:10:10 | 27.04.2009 |
| IW | Sell | SBT | 23 | 3.006,00 | 68.277,50 | 22.04.2009 12:21:00 | 27.04.2009 |

Овој прозорец се состои од ***toolbar*** и централен дел каде што се прикажуваат податоците. ***Toolbar*** содржи филтер за полесен пристап до саканите трансакции. Трансакциите можете да ги филтрирате по:

| **Filter** | **Description** |
|---|---|
| **Symbol** | Шифра на хартијата од вредност (не е обрзувачки) |
| **Date From and Date To** | Временски период (обрзувачки) |
| **Buy/Sell** | Buy(куповни), Sell(продажни),-All-(сите) |

Исто така можете да го превземете извештајот за датена трансакција со селектирање на саканата трансакција и клик на копчето ***report***. Извештајот што ќе го добиете ќе биде во ***pdf*** формат.

**Извештај за клиентот за купување**

**Порамнување 27.04.2009**

| | | | |
|---|---|---|---|
| Број на клиент | 1 / 1 | Банка | |
| Назив на клиент | МАРКОВ ПАНЧЕ | Жиро с-ка | |
| Адреса | Петре Прличко 14ВЕЛЕС | Издавач | ПЕЛАГОНИЈА 3 К А.Д.БИТОЛА |
| Број во ЦДХВ | 1521248639 | Шифра | ЗПКО ISIN: MKZPKO101012 |
| Забелешка | | Опис | обични акции |

| Бр. на транс. | Датум | Бр. налог | Количина | Цена | Износ | Брок. пров. | Берз. пров. | ЦДХВ пров. | Вкупно за транс. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 333848 | 22/04/2009 11:07 | 9 од 18/04/2009 10:09 | 8 | 6.818,00 | 54.544,00 | 545,50 | 218,00 | 100,00 | 55.407,50 |
| **Вкупно** | | | **8** | | **54.544,00** | **545,50** | **218,00** | **100,00** | **55.407,50** |

Печатено 17.03.2010 12:41; Powered by www.BrokerNet.com.mk; 1/1

## 5.10. Portfolio

Во овој прозор можете да до следите вашето портфолио во реално време. Можете да го споредувате сумарното портфолио за даден датум, со тековните средните цени.

Portfolio - Client : MARKOV PANCE

Date: 17/03/2010 View Trade!

Grid Chart

| Symbol | Volume | Buy Price | Invested asset | Stock price | Interest | Stock volum | Profit/Loss | Part (%) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Cash | 1 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0,00 | -8.000 | -8.000,00 | 0 |
| ALK | 15 | 7.730,00 | 115.950 | 3.196,00 | 0,00 | 47.942 | -68.008,50 | 14,36 |
| KJUBI | 12 | 1.960,00 | 23.520 | 501,00 | 0,00 | 6.012 | -17.508,00 | 2,91 |
| TPLF | 96 | 6.389,00 | 613.344 | 2.220,00 | 0,00 | 213.079 | -400.265,28 | 75,97 |
| ZPKO | 8 | 6.818,00 | 54.544 | 2.816,00 | 0,00 | 22.529 | -32.015,36 | 6,76 |
| | | | | | | | | |
| **Total** | | | **807.358,00** | **8.733,00** | **0,00** | **132,00** | **-525.797,14** | **100,00** |

Исто така можете графички да го погледнете вашето сумарно портфолио со кликање на табот ***Chart***.




## 5.11. Search window

Овој прозор е наменет за полесно да ја најдете шифрата (доколку не ја знаете) на бараната хартија од вредност . Користењето е прилично едноставно само користете го филтерот именуван како ***Symbol*** за да ја смалите листата на хартии од вредност, селектирајте ја саканата хартија од вредност и кликнете ***select***.




## 5.12. Trading

Со eBroker веб апликацијата можете да испратите налог директно до брокерската куќа. За да можете да пратите налог до броќерската куќа морате прво да имате електронски сертификат во договор со брокерската куќа. Налогот се испраќа од ***Trading*** прозорецот.

До овој прозорец можете да пристапите од било кој прозорец со притискање на копчето 




Одберете купување (***Buy***) или продавање (***Sell***) , потоа внесете ја шифрата на хартијата од вредност, количината , цената , датумот на траење на налогот (***duration date***) и специфичните услови (***spec. conditions***) и кликнете на копчето ***buy/sell***. Напомена дека за да можете да го направите ова морате да користите ***internet explorer*** и да поседувате електронски сертификат (со соработка со брокерската куќа). Следните чекори се исти како и при повлекување на налогот.